Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

Извадок на ден од дневните настани 02.07.2023

Во текот на изминатата вечер (01/02.07.2023) во периодот од 23.00-05.00 часот на територија на СВР Битола спроведена е засилена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило под дејство на алкохол. При контролата санкционирани се 22 возачи. За време на контролата биле санкционирани и 12 други видови прекршоци.

На 01.07.2023 околу 16,30 часот било пријавено дека во Гостивар на пат кон с.Ломница, В.А.Д. (54) од Германија управувајќи моторцикл „КТМ", излетала од патот. По несреќата В.А.Д. била пренесена во Ургентен центар-Гостивар каде од лекар и биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Тетово.

На 01.07.2023 околу 23,15 часот било пријавено дека во Кичево на крстосницата од ул. „Тане Цалески" и бул. „Ослободување" се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „ауди" со скопски регистарски ознаки, управувано од М.Т.(19) од Кичево и мотоциклот „лингбен" без регистарски ознаки, управуван од Р.Ц.(19) од Кичево. Во несреќата сопатникот од мотоциклот А.Б.(24) од с.Стрелци се здобил со тешки телесни повреди, кои му биле констатирани од лекар во Медицински центар Кичево. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Охрид.

На 01.07.2023 во 07,45 часот на граничен премин „Долно Блаце" од полициски службеници е лишен од слобода А.Р.(28) од Косово, кој управувал патничко моторно возило „дајмлер бенц" со косовски национални ознаки, затоа што по извршена контрола во службената евиденција е констатирано дека постои основано сомнение за сторено кривично дело „фалсификување на возило". Лицето и возилото биле предадени на полициски службеници од Единицата за внатрешни работи-ОКР Чаир за понатамошна постапка.

На 01.07.2023 во 11.45 часот во Полициска станица Аеродром Т.Н.(75) од Скопје пријавил дека на ул. „Новопроектирана" во Горно Лисиче, Скопје бил каснат од куче скитник.

На 01.07.2023 во 14.45 часот на подрачје на Карпош од полициски службеници е лишен од слобода П.Д.(32) од Скопје затоа што кај него биле пронајдени и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 01.07.2023 во 22.40 часот во Полициска станица Чаир Л.Р.(25) од Скопје пријавил дека на ул. „Костурска" бил каснат од куче скитник.

На 02.07.2023 во 00.50 часот на подрачје на Центар од полициски службеници е лишен од слобода А.Ј.(18) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 02.07.2023 во 00.40 часот во Полициска станица Кисела Вода М.Т.(34) од Скопје пријавила дека на ул. „Пушкинова" била касната од куче скитник.

На 02.07.2023 во 00.45 часот во угостителски објект во Градски парк Скопје од полициски службеници е лишен од слобода А.Ј.(21) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 01.07.2023 во 19,40 часот било пријавено дека во с.Давидово, гевгелиско се случила сообраќајна несреќа помеѓу моторцикл „сузуки" без регистарски ознаки, управуван од Г.Р.(27) од с.Давидово, и патничко моторно возило „голф" со гевгелиски регистарски ознаки, управуван од А.Т.(29) од с.Давидово. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот на мотоциклот А.Т., а со телесни повреди се здобил сопатникот на мотоциклот А.С.. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициска станица Гевгелија.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (01.07.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 302 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 128 санкции, 26 мерки за возење без возачка дозвола, 11 санкции за управување возило под дејство на алкохол, шест мерки за прекршоци што ги чинат возачи на мотоцикли.Изречени се четири санкции за минување на затворен сигнал - црвено светло, 11 санкции за користење мобилен телефон при управување возило, 13 мерки за некористење сигурносен појас...

На 01.07.2023 во 10.25 часот на ул. „Борче Јованоски" во Гостивар, по претходно издадена судска наредба од Основен суд Гостивар, полициски службеници од СВР Тетово го привеле Ц.Р.(43) од Гостивар, кој бил баран со потерница за издржување на казна затвор во Казнено поправна установа Затвор Тетово-Тетово. Лицето е спроведено до Казнено поправната установа.

На 01.07.2023 во 15.30 часот во Полициска станица Тетово П.С.(32) од Тетово пријавил дека на ул. „Благој Тоска" во Тетово бил каснат од куче скитник.

На 01.07.2023 во 20.30 часот во с. Долно Палчиште, тетовско од полициски службеници е лишен од слобода А.С.(34) од с. Долно Палчиште затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 01.07.2023 во 22,30 часот во СВР Куманово, О.А.(46) од Крива Паланка пријавил дека на железничка станица Куманово бил физички нападнат со тврди предмети од Д.И.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.07.2023 во 17,30 часот во СВР Скопје е пријавено дека во куќа во с.Долно Лисиче, скопско, сопственост на И.К.(46), настанал пожар. Пожарот е изгаснат од противпожарната единица Скопје.

На 01.07.2023 во 14,57 часот во СВР Струмица е пријавено дека на железничка станица Гевгелија, на еден од вагоните на товарен воз се качило едно лице (мигрант), по што настанал струен удар. Од екипа на Итна медицинска помош лицето било пренесено во Општата болница-Гевгелија. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.07.2023 околу 11,30 часот во СВР Тетово е пријавено дека во двор на викенд куќа во тетовско, во сопственост на М.М.(29), била пронајдена кородирана тромблонска мина 60мм, од југословенско производство. Полициски службеници излегле на местото на настанот, а мината е подигната од стручно лице од Дирекцијата за заштита и спасување за понатамошна постапка.

На 01.07.2023 во 20.30 часот во Полициска станица Центар Л.Т.(21) од Скопје пријавил дека околу 16.00 часот во угостителски објект на подрачје на Центар, по претходно недорасбирање, бил физички нападнат од А.К.(34) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.07.2023 во 18.05 часот во Полициска станица Кисела Вода е пријавено дека по претходно недорасбирање околу паркинг место бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Б.З.(31) и М.Ш.(56), двајцата од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.07.2023 во 18.00 часот во Полициско одделение Петровец М.З.(20) од Скопје пријавил дека околу 17.15 часот во населба Илинден, Скопје поради нерасчистени должничко доверителни односи тој и М.З.(47) од Скопје биле физички нападнати од С.Т. и И.Т.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.07.2023 во 19.35 часот во Полициско одделение Ранковце е пријавено дека во с.Ранковце околу 17.00 часот настанал пожар во куќа сопственост на П.Д. од Скопје. Повредени лица нема. Пожарот е изгаснат од противпожарната единица Ранковце. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициско одделение Ранковце.

На 02.07.2023 во 04.20 часот во Полициска станица Битола Ј.Т.(58) од Битола пријавил дека околу 01.30 часот во угостителски објект во Градскиот парк во Битола бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.07.2023 во 00.30 часот во Битола од страна на полициски службеници е лишен од слобода Ѓ.Д.(38) од Битола затоа што кај него била пронајдена и одземена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 01.07.2023 во 18.00 часот во Полициска станица Кочани е пријавено дека во Кочани, по претходна расправија околу сообраќајот, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу С.Н.(86) и М.А.(25), двајцата од Кочани. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.07.2023 во 19.40 часот во Полициска станица Струмица 63-годишна жена од Струмица пријавила дека околу 13.00 часот во семејниот дом во Струмица била физички нападната од нејзиниот син. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.07.2023 во 18.30 часот во Полициска станица Струмица Д.Р.(42) од с.Градско Балдовци, струмичко, пријавил дека во Струмица, додека извршувал работни задачи како работен во комунално претпријатие од Струмица, бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.07.2023 во 23.35 часот во Полициска станица Струмица С.А.(19) од Струмица пријавил дека околу 22.00 часот во Струмица бил физички нападнат од О.Д. и З.Д. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.07.2023 во 00.40 часот во Полициска станица Гевгелија П.Ч.(47) од Гевгелија пријавил дека околу 00,20 часот пред градската библиотека во Гевгелија бил физички нападнат од Т.К. од Гевгелија. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.07.2023 околу 02.30 часот во Полициска станица Неготино е пријавено дека во близина на угостителски објект во Неготино бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу А.Т.(20) од една страна и Д.Ј.(18), О.Т.(19) и Т.Ѓ.(19) од друга страна, сите од Неготино. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.07.2023 во 18.00 часот во Гостивар од полициски службеници од Полициска станица Гостивар приведени се В.Ѓ.(47), И.Ѓ.(45) и Д.И.(63) сите од Гостивар затоа што според пријавеното околу 17.25 часот во Гостивар поради недорасбирање во сообраќајот го нарушиле јавниот ред и мир со меѓусебна физичка пресметка. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 01.07.2023 во 13,40 часот во с. Долна Бањица од полициски службеници од Полициска станица Гостивар е лишен од слобода Б.С.(41) од с. Долна Бањица, затоа што според пријавеното околу 12,00 часот во семејната куќа во с. Долна Бањица по претходна расправија физички ја нападнал неговата сопруга. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 01.07.2023 во 16,40 часот во гостиварско од полициски службеници од Полициска станица Гостивар е приведен Г.П.(27) од Р. Албанија затоа што по извршена проверка било констатирано дека истиот нема пријавен законски престој во државата. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 01.07.2023 околу 23,10 часот било пријавено дека во Куманово на крстосницата од бул.„3-та Македонска ударна бригада" и ул.„Перо Чичо" се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „фолксваген шаран" со струшки регистарски ознаки, управувано од Н.Г.(31) од с.Клечовце, кумановско и мопед „априлиа" со битолски регистарски ознаки, на кој се превезувале Д.Т.(18) и 15 годишен малолетник, двајцата од Куманово. По несреќата Д.Т. и малолетникот биле пренесени во Општата болница Куманово, каде од лекар на Д.Т му биле констатирани тешки телесни повреди, додека на малолетникот му биле констатирани телесни повреди. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Куманово.

На 01.07.2023 околу 21,25 часот на ул. „Светозар Пепоски" во Гостивар, патничко возило удрило во малолетничка, по што го напуштило местото на настанот. Малолетничката била пренесена во Ургентен центар Гостивар каде од лекар и е констатирана тешка телесна повреда. За настанот е известен Јавен обвинител и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.07.2023 во 13.10 часот, З.М.(54) од Кичево, во полициска станица пријавил дека, на улицата „Јордан Пиперката" во Кичево бил каснат од куче скитник. Истиот ден, С.К. (79) од Кичево, пријави дека на улицата „Маршал Тито" во Кичево, бил каснат од куче скитник.

На 01/02.07.2023 година од 23 до 05 часот, на подрачјето на СВР Охрид, извршени се контроли во патниот сообраќај. Притоа, полициските службеници затекнале 11 возачи кои, управувале моторни возила под дејство на алкохол (Охрид-07, Струга-01, Кичево-02, Дебар-01). Тие, веднаш се исклучени од сообраќај, одземени им се возачките документи и поднесени им се соодветни платни налози.

На 01.07.2023 во 20.30 часот во с.Батинци,скопско од полициски службеници е лишен од слобода С.С.(32) од с.Батинци затоа што агресивно се однесувал и се обидел физички да нападне полициски службеници кои вршеле службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.